РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

| Примено: 10. 02. 2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 185/1 | | |

**До: Општина Валандово**
**(имател на информацијата)**

# БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted].
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted]
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**На кој начин ги консултирате младите при креирање на буџетот за 2023? Ве молиме доставете записник од препораки/предлози за буџетот за 2023 доставени од млади и младински организации?**

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- **б) препис**
- **в) фотокопија**
- г) **електронски запис**
- д) друго ____________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ____________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во** [redacted] **06.02.2023година** ____________________
(доколку барањето се поднесува во хартиена форма

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10-185/2
14.02.2023 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Градоначалникот на Општина Валандово, постапувајќи по барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од [redacted], заведено под бр.10-185/1 од 10.02.2023 година, врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр. 101/19), член 50 став 1 точка 11 и член 63 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/2002), член 36 став 1 алинеја 5 и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, донесе

# РЕШЕНИЕ

## за усвојување на Барање за пристап до информации од јавен карактер

1. **СЕ УСВОЈУВА** Барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од [redacted] заведено под бр.10-185/1 од 10.02.2023 година.

2. Информацијата од јавен карактер која се бара, Општина Валандово како имател, ќе ја даде преку овластеното службено лице за посредување при остварувањето на правото на слободен пристап до информации, во законски утврдениот рок и во бараната форма, освен ако информацијата веќе постои во однапред пропишана форма и е достапна на јавноста.

## Образложение

Постапувајќи по барањето, Градоначалникот на Општина Валандово, во согласност со одредбата од член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, утврди дека Општина Валандово е имател на информацијата од јавен карактер која се бара, па одлучи како во диспозитивот на Решението.

Поради причини од член 21 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барателот може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена.

Градоначалник
на Општина Валандово
Перо Костадинов

Изработил: С. Димитров
Контролирал:Е.Фидански
Одобрил: С.Х.Јовановиќ

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Ул.„Иво Лола Рибар" 66, 2460 Валандово
Тел. +389 (0)34/382-044
www.valandovo.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10-185/3
20.02.2023 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Арх. знак 1008
Рок на чување 5
20.02.23

ДО
[redacted]

ПРЕДМЕТ:Одговор на Ваше барање по ЗСПИЈК од 06.02.2023 година

Почитувани,

Во врска со Вашето барање по ЗСПИЈК од 06.02.2023 година, заведено под бр.10-185/1 од 10.02.2023 година, Ве известуваме дека при креирањето на буџетот на Општина Валандово за 2023 година младите беа вклучени како граѓани, претставници на здруженија и граѓански организации, преку спроведување на електронски анкетен прашалник. Истиот беше објавен на веб страната на општината /valandovo.gov.mk/ во периодот од 15.112022 до 30.11.2022 година и преку него можеше да се дадат предлози, идеи и да се пријават проблеми. Од Записникот кој Ви го доставуваме во прилог можеме да видиме дека во прашалникот учествувале вкупно 62 граѓани од кои 25 се млади под 30 години. Добиени се вкупно 58 проблеми, идеи и предлози и дел од нив се вметнати во буџетот за 2023 година.

Со почит,

Прилог: Записник

Општина Валандово
Лице задолжено за посредување со информации од јавен карактер
Соња Христова-Јовановиќ

Општина Валандово

**З А П И С Н И К**

од

спроведен електронски анкетен прашалник за креирање на
Буџетот на Општина Валандово за 2023 година

На ден 15.11.2022 година, на официјална веб страна www.valandovo.gov.mk и официјалните facebook страни, Општина Валандово објави електронски анкетен прашалник за креирање на Буџетот на Општина Валандово за 2023 година.

Овој анкетен прашалник траеше од 15.11.2022 – 30.11.2022 година.

Цел на анкетниот прашалник беше поголема вклученост на граѓаните, здруженијата и граѓанските организации во креирање на Буџетот на општината со придонес од свои идеи, предлози и критики.

На анкетниот прашалник имаше шест полиња за одговор и тоа:

- Пол,
- Возраст,
- Национална припадност,
- Населено место,
- Област на проблем, предлог или идеја и
- Опси на проблем, предлог или идеја (во кратки црти);

**Согласно податоците од граѓани кои го пополниле анкетниот прашалник вкупно се добиени 58 одговори на проблеми, предлози или идеи.**

- Според полот вкупно одговориле 34 мажи и 28 жени.
- Според возраста 25 одговори се од граѓани кои се под 30 години, 32 одговори се од граѓани кои се помеѓу 30-64 години и 1 одговор од лице кое е над 64 години.
- Според националноста одговори пристигнаа од 47 лица од македонска националност, 3 лица од српска националност, 7 лица од турска националност и 1 лице од ромска националност.

- Според населено место имаме 24 одговори за/од Валандово, по 7 за/од Пирава иРаброво, по 4 за/од Јосифово и Чалакли, по 3 за/од Удово и Марвинци и по 2 за/од Брајковци, Калково и дедели.

**Во повикот за вклучување на граѓаните и организациите е забележано дека сите реално остварливи предлози и идеи ќе бидат разгледани од општинските служби и истите ќе бидат вметнати во самиот Буџет.**

Изработил:
Владимир Лазов

**М.П**